ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н

за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, по скратена постапка

Скопје, декември 2017 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 12. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 4689/1 | | |

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви го поднесуваме Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, по скратена постапка..

ПРАТЕНИЦИ,

Пратеници

Горан Милевски

Ивана Туфегџиќ

Реџаиљ Исмаили

Маја Морачанин

Лилјана Поповска

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија контролата на опојни droги и психотропни супстанции е регулирана со Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции (Службен весник на Република Македонија број 103/2008, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 53/16).

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции објавен во Службен весник на Република Македонија број 37 од 26 февруари 2016 година, регулирано е производството на конопот за медицински цели.

Во актуелните законски измени при дефинирањето на поимите не е направена јасна дистинкција помеѓу поимот коноп кој е за индустриска употреба и на поимот канабис кој се користи за медицински цели.

Ваквото недефинирање при применувањето на законот дава потешкотии во регулирањето на надлежностите меѓу Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а економските оператори не беа во можност да ги обезбедат потребните дозволи и одобренија.

Имено, согласно актуелните законски одредби, подносителот на барањето до Министерството за здравство поднесува барање за добивање одобрение за одгледување на коноп кое содржи основни податоци за подносителот на барањето (назив на правното лице, седиште, седиште на локацијата на просторот/површината каде што ќе се одгледува конопот), доказ за запишување на правното лице во Централниот регистар на Република Македонија, доказ за сопственост на просторот/површината на кој/а се одгледува конопот или договор за закуп или имотен лист како, податоци за одговорното лице во постапката за добивање одобрение за одгледување на коноп (име и презиме, стручна подготовка, телефон), доказ за платена административна такса и платени надоместоци. Документацијата се доставува во оригинал, односно фотокопија заверена на нотар.

Исполнувањето на условите во однос на просторот, опремата и кадарот за добивање на одобрение за одгледување на коноп го оценува посебна комисија формирана од министерот за здравство, составена од двајца претставници од Министерството за здравство, еден претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еден претставник од Агенцијата за лекови и медицински средства и еден специјалист од областа на лековити растенија.

Одобрението за одгледување на коноп го издава Министерството за здравство во рок од 30 дена од денот на добиената согласност од Владата на Република Македонија. Министерот за здравство на предлог на директорот на

Агенцијата за лекови, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија, ги пропишува поблиските услови по однос на просторот, опремата, кадарот, начинот на обезбедување и чување на просторот на кој се одгледува конопот.

Посебната Комисија ги разгледува барањата за исполнување на условите во однос на просторот, опремата и кадарот за издавање на одобрение за одгледување на коноп и му дава предлог на Министерството за здравство за издавање одобрение за одгледување на коноп. Комисијата го одобрува елаборатотот/планот за одгледување на коноп; во периодот од сеење до берба на конопот, врши најмалку два пати контрола над одгледувањето на конопот; врши увид во извршената берба на конопот заради утврдување на собраните стебла; врши проценка на документацијата и евиденција на целокупниот процес на одгледување на конопот.

Од друга страна пак по однос на постапката за одобрение за сеење на коноп, согласно актуелните законски одредби, одобрението за сеење на коноп го издава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена од денот на приемот на комплетното барање. Правното лице по добивање на одобрението за сеење на коноп од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, должно е пред започнување со сеење/садење на семето од коноп да го извести Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за лекови и медицински средства и посебната Комисија. Во законското решение се уредува дека Комисијата, во периодот од сеење до берба на конопот, најмалку два пати ќе изврши контрола над одгледувањето на конопот.

Пред започнување со сеење/садење економскиот оператор има обврска да поднесе барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за добивање одобрение за сеење/садење на коноп со кое треба да поднесе документ за сертифициран семенски/саден материјал како и елаборат/план за одгледување на коноп кој содржи податоци за начинот на одгледување на коноп и количество (број на семки, расад, стебла, влажна и сува маса на принос).

Меѓутоа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не е во можност да го издаде одобрението за сеење/садење поради тоа што не постои документ за сертифициран семенски/саден материјал за коноп кој е наменет за медицински цели (Canabis Indica и Canabis Ruderalis).

Оттука со овој Предлог закон се прави динсктинкција меѓу надлежностите на овие две регулаторни тела на органите на државната упрва.

Со регулирање на оваа проблематика ќе се стави крај на досегашната сложена и конфузна постапка во корист на изборот – живот со подобар квалитет и позитивни прогнози за излекување.

Воедно ќе се направи дистинкција помеѓу поимот коноп и поимот канабис.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта за измените и дополнувањата на Законот е да се направи јасна дистинкција меѓу поимот коноп наменет за индустриска употреба и поимот канабис кој се користи за медицински цели.

Воедно согласно наведеното и да се направи динсктинкција меѓу надлежностите на Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Законот за изменување и дополнување на Законот контролата на опојни droги и психотропни супстанции се заснова на истите начела и принципи на кои се заснова и Законот за контрола на опојните droги и психотропни супстанции.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за контролата на опојни droги и психотропни супстанции не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлог – законот не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајќи го предвид фактот дека се исполнети условите од членот 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно дека не се работи за сложен и обемен закон се предлага истиот да биде донесен во скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

### Член 1

Во Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ број 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 53/16) во членот 3, точката 31 се менува и гласи:

„31. „Канабис за медицински цели“ се сите надземни свежи или суви делови на растението, вклучувајќи го и семето од видовите Cannabis sativa, Cannabis indica и Cannabis ruderalis (во понатамошен текст: канабис)“.

По точка 33 се додава нова точка 34 која гласи:

„34. „Коноп за индустриски цели“ се сите надземни свежи или суви делови на растението, освен семето од видот Cannabis sativa. (во понатамошен текст: коноп).“.

### Член 2

Член 14 се менува и гласи:

„Надлежности на Министерството за земјоделство,
шумарство и водостопанство

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врши надзор со контрола кај овластениот производител на семенскиот материјал од афион и/или коноп, контрола во прометот на семенскиот материјал од афион и/или коноп во однос на декларираноста, контрола на сеидбата на афионот, конопот и/или канабис, контрола на самото производство, контрола пред и по жетвата, како и контрола во делот на откупот на афионовата слама (Papaver somniferum) коноп и/или канабис.“

### Член 3

Во член 24 став 2 зборот „коноп“ се менува со зборот „канабис“.

### Член 4

Во членот 28 став 1 по зборот афион се става запирка а зборовите „ и/или коноп“ се заменуваат со зборовите „коноп и/или канабис“.

Член 5

Во насловот на членот 29-а зборот „коноп“ се менува со зборот „канабис“.

Во став 1 зборот „коноп“ се менува со зборот „канабис“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Одгледување на канабис е дозволено само на правни лица кои имаат одобрение за одгледување на канабис издадено од Министерството за здравство, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.“

Член 6

Во целиот член 29-б зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“, а зборовите „конопот“ се заменуваат со зборовите „канабисот“.

Член 7

Во целиот член 29-в зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“, а зборовите „конопот“ се заменуваат со зборовите „канабисот“.

Во став 2 точката 2) се брише.

Точката 3) која станува точка 2) се менува и гласи:

„2) одобрен елаборат/план за одгледување на канабис согласно член 29-б став 8 точка 2 од овој закон, заверена и потпишана од одговорното лице на правниот субјект кој го поднел барањето.“

Член 8

Во целиот член 29-г зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“.

Во ставот 2 зборовите „точка 3)“ се заменуваат со зборовите „точка 2)“.

Член 9

Во целиот член 29-д зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис““, а зборовите „конопот“ се заменуваат со зборовите „канабисот“.

Член 10

Во целиот член 29-ѓ зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис““, а зборовите „конопот“ се заменуваат со зборовите „канабисот“.

Член 11

Во целиот член 36-а зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“.

Член 12

Во член 85 ставот 2 се менува и гласи:

„Државниот инспекторат за земјоделство врши инспекциски надзор над производството на семенскиот материјал од афион и/или коноп, контрола во прометот на семенскиот материјал од афион и/или коноп во однос на декларираноста, контрола на сеидбата на афионот, конопот и/или канабис, контрола на самото производство, контрола пред и по жетвата, како и контрола во делот на откупот на афионовата слама (Papaver somniferum) коноп и/или канабис.“.

Член 13

Во целиот член 95-в зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис““, зборовите „конопот“ се заменуваат со зборовите „канабисот“, а зборовите „точка 3)“ се заменуваат со зборовите „точка 2)“.

Член 14

Во целиот член 95-г зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“.

Член 15

Во членот 95-д став 1 зборот „коноп“ се заменува со зборот „канабис“.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлог - законот се менува членот 3 точка 31 со дефиниција „Канабис за медицински цели“ се сите надземни свежи или суви делови на растението, вклуќувајчи го и семето од видовите Cannabis sativa, Cannabis indica и Cannabis ruderalis (во понатамошен текст: канабис)“.

Воедно со истиот по точка 33 се додава нова точка 34 со која се дефинира дека „Коноп за индустриски цели“ се сите надземни свежи или суви делови на растението, освен семето од видот Cannabis sativa. (во понатамошен текст: коноп)“.

Со членот 2 од Предлог - законот се врши измена на постојниот член 14 така што надзор со контрола кај овластениот производител на семенскиот материјал од афион и/или коноп, контрола во прометот на семенскиот материјал од афион и/или коноп во однос на декларираноста, контрола на сеидбата на афионот, конопот и/или канабис, контрола на самото производство, контрола пред и по жетвата, како и контрола во делот на откупот на афионовата слама (Papaver somniferum) коноп и/или канабис врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со членот 3 од Предлог - законот се менува постојниот член 24 став 2 со кој зборот „коноп“ се менува со зборот „канабис“.

Со членот 4 од Предлог - законот се менува постојниот член 28 став 1 на начин што во одредбата се предвидува да се додаде и канабисот како растение дозволено за одгледување.

Со членот 5 од Предлог - законот се менува постојниот член 29-а така што во насловот зборот „коноп“ се менува со зборот „канабис“.

Воедно со истиот член во ставот 1 од постојниот член 29-а зборот „коноп“ се менува со зборот „канабис“, а ставот 2 се менува на начин што дозволува одгледување на канабис само на правни лица кои имаат одобрение за одгледување на канабис издадено од Министерството за здравство, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Со членот 6 од Предлог - законот се менува постојниот член 29-б така што во целиот член зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“, а зборовите ,,конопот“ се заменуваат со зборовите ,,канабисот’’.

Со членот 7 од Предлог - законот се менува постојниот член 29-в така што во целиот член  зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис““, а зборовите ,,конопот“ се заменуваат со зборовите ,,канабисот’’.

Во постојниот член 29-в во ставот 2 точката 2) се брише, а постојната точка 3) која станува точка 2) се менува и гласи: „2) одобрен елаборат/план за одгледување  на канабис согласно член 29-б став 8 точка 2 од овој закон, заверена и потпишана од одговорното лице на правниот субјект кој го поднел барањето..’’

Со членот 8 од Предлог - законот постојниот член 29-г  се менува на начин што во целиот член зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“, а  во ставот 2 зборовите „точка 3)“ се заменуваат со зборовите „точка 2)“.

Со членот 9 од  Предлог - законот  се менува постојниот член 29-д  на начин што во целиот член зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“, а зборовите ,,конопот’’ се заменуваат со зборовите ,,канабисот’’.

Со членот 10 од Предлог - законот  се менува постојниот член 29-ѓ  на начин што во целиот член зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“, а зборовите ,,конопот’’ се заменуваат со зборовите ,,канабисот’’

Со членот 11 од Предлог - законот  се менува членот 36-а на начин што во целиот член  зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите  „канабис“.

Со членот 12 од Предлог - законот  се врши измена во постојниот член 85 став 2 на начин што се наведува дека инспекциски надзор над производството на семенскиот материјал од афион и/или коноп, контрола во прометот на семенскиот материјал од афион и/или коноп во однос на декларираноста, контрола на сеидбата на афионот, конопот и/или канабис, контрола на самото производство, контрола пред и по жетвата, како и контрола во делот на откупот на афионовата слама (Papaver somniferum) коноп и/или канабис  врши Државниот инспекторат за земјоделство.

Со членот 13 од Предлог - законот  се врши измена во постојниот член 95-в на начин што во целиот член зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“, зборовите ,,конопот’’ се заменуваат со зборовите ,,канабисот’’, а зборовите „точка 3)“ се заменуваат со зборовите „точка 2)’’.

Со членот 14 од Предлог - законот  се врши измена во постојниот член 95-г на начин што во целиот член зборовите „коноп“ се заменуваат со зборовите „канабис“.

Со членот 15 од Предлог - законот  се врши измена во постојниот член 95-д став 1 на начин што зборот „коноп“ се заменува со зборот „канабис“.

Со членот 16 се уредува влегувањето во сила и примената на овој закон.

Имено согласно овој член овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измените и дополнувањата на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции ќе се направи јасна дистинкција помеѓу поимот коноп кој е за индустриска употреба и поимот канабис кој се користи за медицински цели, која недефинираност при применувањето на законот даваше потешкотиии во регулирањето на надлежностите помеѓу Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а економските оператори не беа во можност да ги обезбедат потребните дозволи и одобренија.

Исто така со Предлог – законот се врши динсктинкција помеѓу надлежностите во делот постапката за добивање на одобренија и дозволи помеѓу Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 53/16)

Член 3
Значење на поими

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. “Афионова слама” се сите делови на растението (освен семето) од афион после косењето;
2. “EMCDDA” е Европски центар за следење на дрогата и зависностите од дрога со постојано седиште во Лисабон, Португалија;
3. “Контролирана испорака” е техника на истрага со која на сомнителни или незаконски пратки од наркотични дроги или психотропни супстанции им се овозможува да бидат транспортирани, да влезат или да излезат низ територијата на повеќе земји, со знаење и надзор на нивните надлежни органи, со цел да се идентификуваат лицата вмешани во чинењето на илегалните дејствија;
4. “Контролирани супстанции” се супстанции и препарати кои ги содржат истите или кои според хемиските својства и структурната формула, како и другите технички карактеристики, соодветствуваат на нив, а се наоѓаат во листите на Обединетите нации од 1961, 1972 и 1988 година;
5. “Меѓународни конвенции за контрола на дрога” се Единствена конвенција за наркотични дроги од 1961 година со протокол од 1972 година, Конвенција за психотропни супстанции од 1971 година и Конвенција на Обединетите нации против незаконитата трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции од 1989 година;
6. “Намалување на штетата” се активности чијашто цел е намалување на штетата од злоупотреба на дрога преку размена на стерилна сперма за инјектирање, дистрибуција на презервативи, давање информации за безбеден секс и работа со скриена популација (работа на терен) со цел да се мотивираат граѓаните за лекување;
7. “Опојна дрога” е секоја супстанција од природно или вештачко потекло која е распоредена во листата на опојни дроги во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги или врз основа на одлука на надлежен орган. Опојна дрога опфаќа и психотропни супстанции кои се распоредени во листата на психотропни супстанции, ако не се посебно споменати;
8. “Одгледување на растенија” е сеење, садење, одгледување или жетва на растенија или на друг начин земање на делови на растенија од кои може да се добие опојна дрога;
9. “Одземање” е трајно одземање на сопственост по налог на суд или на друг надлежен орган;
10. “Психотропна супстанција” е секоја супстанција од природно или вештачко потекло, која е распоредена во листата на психотропни супстанции во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз

основа на одлука на надлежен орган;
11. “Прекурзор” е секоја природна или вештачка супстанција која може да се употреби во производство на опојни дроги и која е распоредена во листата на прекурзори во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган во Република Македонија;
12. “Препарат” е раствор или смеса, во цврста или течна состојба, или во кој било друг физички облик, кој содржи опојна дрога, психотропна супстанција или растение од кое може да се добие опојна дрога;
13. “Производство” е подготовка, преработка, мешање, пречистување, изработка и секоја друга активност со која се добива или со која се придонесува за добивање на опојна дрога, психотропна супстанција или нивен препарат;
14. “Промет” е секој начин на ставање во промет на опојна дрога, психотропна супстанција, растение, дел од растение како што се увоз, извоз, транзит, набавка, купување, продажба, замена, пренос, складирање, издавање на рецепт и слично;
15. “Поседување” е сопственост на опојната дрога, психотропната супстанција или растението;
16. “Повремен уживател на опојна дрога” е лице кое еднократно или повремено зема опојни дроги и кај кое сѐ уште нема развиено состојба на зависност;
17. “Помош на зависниците и повремените уживатели на опојна дрога” е помош за преземање на медицински мерки и мерки на социјална помош, како што се психосоцијална рехабилитација, советување и ресоцијализација на зависниците од опојни дроги;
18. “Превентива на злоупотреба на дроги и психотропни супстанции” се состои од низа мерки и активности за спречување на употреба и злоупотреба на дроги, психотропни супстанции и прекурзори (примарна превенција), рано откривање на злоупотребата на дроги и психотропни супстанции и лекување на болниот и неговото семејство (секундарна превенција) и намалување и отстранување на штетните ефекти од злоупотребата на дроги или психотропни супстанции врз здравјето и однесувањето на болниот (терцијарна превенција);
19. “Привремено одземање” е привремена забрана на трансфер, конверзија, располагање или движење на сопственост или привремен надзор или контрола на сопственоста врз основа на налог издаден од страна на судот или од друг надлежен орган;
20. “Приход” е секоја сопственост добиена непосредно или посредно со чинење на прекршоци утврдени со овој закон;
21. “Растенија од кои може да се добие опојна дрога” (во натамошниот текст: растение) е секое растение од кое може да се добие опојна дрога, а која е распоредена во листата на тие растенија во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги или врз основа на одлука на надлежен орган, како и дел на такво растение кое може да се употреби за добивање на опојна дрога;
22. “Рехабилитација” се активности чијашто цел е на лицето кое се лекувало и престанало со злоупотреба на дрога или психотропна супстанција да му се вратат преостанатите телесни и психолошки способности. Има две цели за менување на однесувањето и стилот на живеење на лицето кое злоупотребувало дрога или психотропна супстанција и второ за работно оспособување;

23. “Снабдување” е давање и делење на опојни дроги или психотропни супстанции;
24. “Супстанции” се опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори распоредени во листата на опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори, а во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган во Република Македонија;
25. “Средство за производство на опојна дрога” е апарат или друг предмет кој е наменет или употребен за добивање на опојна дрога или психотропна супстанција;
26. “Зависност” е состојба на неодолива потреба, психичка или физичка, за употреба на опојна дрога;
27. “Зависник од опојни дроги” е лице кое со употреба на опојна дрога се довел во состојба на зависност;
28. “Злоупотреба на опојни дроги или недозволена употреба на опојни дроги” е одгледување на растенија од кои може да се добие опојна дрога, поседување на средства за производство на опојни дроги, производство, промет и поседување на опојни дроги, психотропни супстанции, растенија или делови на растенија од кои може да се добие опојна дрога спротивно на одредбите на овој закон, како и употреба на опојни дроги надвор од терапевтските индикации, во прекумерни дози или во тек на време кое не е опфатено со терапијата;
29. “ИНЦБ” е меѓународен борд за контрола на дроги кој е независно тело на Обединетите нации кое има улога да врши моноторирање на имплементацијата на конвенциите за контрола на дроги од страна на земјите членки на Организацијата на Обединетите нации. Постојаното седиште на ИНЦБ е Виена, Австрија и
30. “УНОДЦ” е тело на Обединетите нации со активности на полето на спречување на криминалот поврзан со дрогата.
31. „Коноп“ се сите надземни свежи или суви делови на растението, освен семето од различни видови на растението канабис (cannabis sativa, cannabis indica и cannabis ruderalis).
32. „Масло од конопово семе“ е масно масло, рафинирано или не рафинирано, добиено со ладно цедење или некој друг вид на екстракција од семки на растенија што припаѓаат на различни видови од родот Cannabis и во себе не содржи повеќе од 10 mg/kg на тетрахридроканабинол (ТХЦ), чија примарна примена е во козметички и хигиенски производи, лубриканти, бои или како храна.
33. „Масло од канабис/коноп“ е течен смолест екстракт добиен со екстрахирање на олеорезината од надземните делови (без семето) на растенија што припаѓаат на различни видови од родот Cannabis и има висока содржина на канабиноидни компоненти, особено на тетрахридроканабинол (ТХЦ).

## Член 14
## Надлежности на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врши надзор со контроли кај овластениот производител на семенскиот материјал од афион, и/или

коноп, контрола во прометот на семенскиот материјал од афион и/или коноп во однос на декларираноста, контрола на сеидбата на афионот и/или конопот, контрола на самото производство, контрола пред и по жетвата, како и контрола во делот на откупот на афионовата слама (Papaver somniferum) и/или конопот.

Член 24

Забрана на опојни droги, психотропни супстанции и растенија класифицирани во Листата I

Се забранува одгледување, производство, промет, поседување и употреба на супстанции и растенија класифицирани во Листата I и нивни препарати освен во медицински или научни истражувања или во судско-медицински, наставни или полициски намени како што е утврдено со овој закон.
По исклучок од ставот 1 на овој член одгледување на афион и/или коноп е дозволено за намени и под услови утврдени со овој закон.
По исклучок од ставот 1 на овој член, за намени и под услови утврдени со овој закон, дозволено е производство, промет, поседување и употреба на канабис, канабис смола, екстракт и тинктура на канабис.

Член 28

Дозволено одгледување на растенија или нивно уништување

Дозволено е одгледување на афион и/или коноп за намена и под услови утврдени во овој закон.
Самоникнатите растенија од кои може да се добие опојна дрога се уништуваат.
Растенијата од ставот 2 на овој член ги уништува лицето кое по кој било основ поседува или користи земјиште на кое растението израснало.
Ако растенијата не бидат уништени од лицето од ставот 3 на овој член истите комисиски ќе ги уништи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно со Министерството за внатрешни работи на сметка на сопственикот или корисникот на земјиштето.

Одгледување на коноп кој е наменет за производство на опојна дрога за медицински цели

Член 29-а

Дозволено е одгледување на коноп во медицински и/или научни цели.
Одгледување на коноп е дозволено само на правни лица кои имаат одобрение за одгледување на коноп издадено од Министерството за здравство, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Член 29-б

Правното лице од членот 29-а став 2 од овој закон е должно да ги исполнува следниве услови:
- да има обезбедено соодветен простор, површини или земјиште за одгледување, сушење и складирање, опремен соодветно на производниот, односно преработувачкиот капацитет на правното лице за одгледување на коноп,

- просторот да биде атмосферски заштитен и ограден со ограда висока најмалку четири метри, со бринов елемент пред оградата во котури во три реда и бодликава жица над оградата, како и да има обезбеден 24 часовен видео надзор над целиот простор,
- да има 24 часа физичко обезбедување,
- да има вработено најмалку четири лица од кои најмалку едно лице дипломиран фармацевт со најмалку три години работно искуство во областа на фармацијата и едно лице агроном-насока полјоделство со најмалку три години работно исксутво во областа.

Барањето за добивање одобрение за одгледување на коноп се поднесува до Министерството за здравство и истото содржи:

1. основни податоци за подносителот на барањето (назив на правното лице, седиште, локација на просторот/површината каде што ќе се одгледува конопот) и
2. податоци за одговорното лице во постапката за добивање одобрение за одгледување на коноп (име и презиме, стручна подготовка, телефон).

Кон барањето од ставот 2 на овој член се приложуваат следниве докази, односно документација:

1. доказ за запишување на правното лице во Централниот регистар на Република Македонија,
2. доказ за сопственост на просторот/површината на кој/а се одгледува конопот или договор за закуп или имотен лист,
3. елаборат/план за одгледување на коноп и
4. доказ за платена административна такса и платени надоместоци за постапување по барањето од ставот 2 на овој член.

Документацијата од ставот 3 на овој член се доставува во оригинал, односно фотокопија заверена на нотар.

Исполнувањето на условите во однос на просторот, опремата и кадарот за добивање на одобрение за одгледување на коноп го оценува комисија формирана од министерот за здравство, составена од двајца претставници од Министерството за здравство, еден претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еден претставник од Агенцијата за лекови и медицински средства и еден специјалист од областа на лековити растенија.

Одобрението за одгледување на коноп го издава Министерството за здравство во рок од 30 дена од денот на добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Министерот за здравство на предлог на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија, ги пропишува поблиските услови по однос на просторот, опремата, кадарот, начинот на обезбедување и чување на просторот на кој се одгледува конопот.

Комисијата од ставот 5 на овој член ги врши следните работи:

1. ги разгледува барањата за исполнување на условите во однос на просторот, опремата и кадарот за издавање на одобрение за одгледување на коноп и му дава

предлог на Министерството за здравство за издавање одобррение за одгледување на коноп;
2. го одобрува елаборатот/планот за одгледување на коноп;
3. врши најмалку два пати контрола над одгледувањето на конопот, во периодот од сеење/садење до берба на конопот;
4. врши увид во извршената берба на конопот заради утврдување на собраните стебла и
5. врши увид во документацијата и евиденција на целокупниот процес на одгледување на конопот.

Член 29-в

Правното лице кое има одобрение за одгледување на коноп, пред започнување со сеење/садење е должно да поднесе барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за добивање одобрение за сеење/садење на коноп.
Кон барањето од ставот 1 на овој член се поднесува:
1) одобрение за одгледување на коноп издадено од Министерството за здравство (фотокопија заверена на нотар);
2) документ за сертифициран семенски/саден материјал;
3) елаборат/план за одгледување на коноп кој содржи податоци за начинот на одгледување на коноп и количество (број на семки, расад, стебла, влажна и сува маса на принос).
Одобрението за сеење/садење на коноп го издава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.
Правното лице по добивање на одобрението за сеење/садење на коноп (во натамошниот текст: одгледувачот на коноп), е должно пред започнување со сеење/садење на семето од коноп да ги извести Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за лекови и медицински средства и комисијата од членот 29–б став 4 од овој закон за започнување со сеење/садење.
Комисијата од членот 29-б став 5 од овој закон, најмалку два пати во периодот од сеење/садење до берба на конопот, врши контрола над одгледувањето на конопот.

Член 29-г

Одгледувачот на коноп е должен да води евиденција на одгледуваниот коноп (сеење, производство на расад, пресадување, број на стебла).
Одгледувачот на коноп е должен да ги евидентира и пријави до Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сите настанати промени и отстапувања во одгледувањето на конопот претходно планирани во елаборатот од членот 29-в став 2 точка 3) од овој закон, во рок од три дена од денот на настанокот на промената и отстапувањето.

Член 29-д

Одгледувачот на коноп најдоцна 15 дена пред денот на започнување со бербата

на коноп е должен да го извести Министерството за здравство за денот на започнувањето на бербата на коноп.
По завршувањето на бербата на конопот комисијата од членот 29–б став 5 од овој закон врши увид на извршената берба заради утврдување на бројот на собраните стебла и влажна маса.
Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за сите фази на одгледување на конопот ги пропишува министерот за здравство.

Член 29-ѓ

По завршената берба, собраниот надземен дел од растението коноп се суши во посебен наменски уреден простор, со големина во зависност од количестовото на одгледан коноп, сместен на истата локација каде што се одгледува конопот.
Одгледувачот на коноп е должен исушеното растение/коноп да го спакува во картонска кутија и да го запечати со сигурносна лента за запечатување.
Картонската кутија со исушеното растение/коноп задолжително се означува со следните податоци: назив и седиште на правното лице (одгледувач/производител), година на производство, име на суровина, нето и бруто сува маса, форма (лист, цвет, растение, цело, сечкано) и датум на пакување.
Одгледувачот на коноп поднесува извештај до Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за лекови и медицински средства за завршениот процес на одгледување и добиената вкупна сува маса, во рок од три дена од денот на завршениот процес на одгледување.

Член 36-а

Конопот одгледан во Република Македонија може да се обработува само во Република Македонија исклучиво од правно лице кое има дозвола за производство на екстракти од коноп.
Министерот за здравство ги пропишува образецот на барањето, потребната документацијата и поблиските критериуми по однос на просторот, опремата и кадарот за добивање на дозвола за производство на екстракти од коноп.
Пренос на коноп до местото на обработка го врши одгледувачот на коноп во придружба на Министерството за внатрешни работи, на трошок на производителот.
Препаратите од коноп може да се користат во клинички испитувања во истражувачки цели.
Министерот за здравство ги пропишува начинот и постапката за клиничките испитувања на препаратите од коноп во истражувачки цели, содржината на документацијата и надоместоците што треба да се платат.

Член 85

Инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор на спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат и фармацевтските инспектори од Агенцијата за лекови и медицински средства.

Инспекцискиот надзор над полињата засеани со афион, производството на семенски материјал од афион и/или коноп, производството на афион на полето, пред и по жетва, како и на откупот на афионовата слама и/или коноп го врши Државниот инспекторат за земјоделство.
Инспекцискиот надзор над уништувањето на опојните droги и психотропните супстанции во поглед на заштита на животната средина од можни несакани дејства го врши Државниот инспекторат за животна средина.

Член 95-в

Правното лице кое одгледува коноп за намена и под услови спротивни со одредбите од овој закон, не води евиденција на одгледуваниот коноп, не ги евидентира и не ги пријави настанатите промени и отстапувања во одгледувањето на конопот претходно планирани во елаборатот од членот 29-в став 2 точка 3) од овој закон, не го извести Министерството за здравство за денот на отпочнувањето со бербата на коноп, исушеното растение/коноп не го спакува во картонска кутија и не го запечати со сигурносна лента за запечатување, не поднесе извештај до Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за лекови и медицински средства за завршениот процес на одгледување и добиената вкупна сува маса ќе се казни со парична казна.
Одговорното лице кај правното лице, за кривичното дело од ставот 1 на овој член, ќе одговара и ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

Член 95-г

Дипломиран фармацевт, агроном, вработено лице во правно лице кое одгледува коноп, кое ќе задржи, изнесе, пренесе семе, расад, лист од коноп наменето за лична употреба ќе се казни со казна затвор од една година до пет години.
Ако делото од ставот 1 на овој член го извршиле повеќе лица или сторителот на ова дело организирал мрежа на препродавачи или посредници или организирал дејствие од ставот (1) на овој член, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.
Семето, расадот и листот од коноп ќе се одземат.
Лицето, со исклучок на организаторот, кој ќе го открие делото или ќе придонесе за неговото откривање, ќе се ослободи од казна.

Член 95-д

Лицето што ќе бара, нуди или земе пари или друга материјална корист како паричен надоместок за изнесување, пренесување на семе, расад, лист од коноп, ќе се казни со казна затвор од три до десет години.
Обидот од ставот 1 на овој член е казнив.
Парите или другата материјална корист побарана или земена, понудена или дадена како паричен надоместок или друга корист, ќе се одземат.